20191943115

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН, ЛИЦЕНЦАТА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН, НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИСПИТОТ КАКО И ПРОГРАМАТА И ПОТРЕБНАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУНОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун, лиценцата за процена на тутун, начинот на пријавувањето и спроведувањето на испитот како и програмата и потребната литература за полагање на испит.

Член 2

Барањето за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутун се поднесува на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Лиценцата за процена на тутун се издава на пластифицирана хартија со димензии 21Х30 см со златно-жолта боја.

Формата и содржината на лиценцата за процена на необработен тутун се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Кандидатот за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на необработен тутун поднесува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на претходно објавено соопштение, кон кое се доставува потребната документација.

Член 5

Со испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун се проверува знаењето на кандидатите за проценување на необработен тутун при откупот.

Испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун се полага пред Комисија.

Комисијата составува испитни прашања врз основа на Програмата, го изведува испитот и утврдува дали кандидатот го положил испитот.

Испитот за добивање на лиценца за процена на тутун се полага според Програма за полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун.

Содржината на Програмата е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Испитот се состои од два дела: (теоретски и практичен)

Со теоретскиот дел од испитот се врши проверка на теоретското знаење на кандидатите на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи и Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на необработениот тутун во лист.

Теоретскиот дел од испитот содржи вкупно шест прашања и тоа: едно прашање од дел I на Програмата, три прашања од дел II на Програмата и две прашања од дел III на Програмата. Овој дел од испитот е во времетраење од 60 минути.

Теоретскиот дел се полага писмено и секое прашање има три понудени одговори, од кои еден одговор е точен и истиот треба да се заокружи.

Со практичниот дел од испитот се врши директна проверка на кандидатите во познавањето на тутунската суровина за квалитативно и квантитативно органолептичко проценување при откупот на необработениот тутун.

Член 7

По утврдувањето на исполнетоста на условите за полагање на испитот, комисијата го известува кандидатот за денот, часот, местото за полагање на испитот и за потребните трошоци за полагање на испитот.

Член 8

Испитните рокови се определуваат по потреба во зависност од бројот на пријавените кандидати.

Кандидатот кој нема да го положи испитот има право да го полага во наредниот испитен рок.

Член 9

Кандидатот кој нема да дојде да го полага испитот или дојде, а не го полага, се смета дека испитот не го полагал.

Ако во наредниот рок определен за полагање на испитот кандидатот не пристапи кон полагање на испитот или изјави дека се откажува од испитот ќе се смета дека не го положил испитот.

Член 10

За текот на полагањето на испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун се води евиденција за кандидатите и по завршувањето на полагањето се составува записник од завршениот испит.

Записникот се потпишува од претседателот и членовите на комисијата.

Потпишаниот записник од завршеното полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун се архивира од овластената наставно-научна институција и се доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 11

Кандидатот кој го положил испитот се здобива со лиценца за процена на необработен тутун.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на лиценцата за процена на тутун и начинот и Програмата за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/07 и 165/11).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.8335/3
6 септември 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

ПРИЛОГ 1

## БАРАЊЕ ЗА
## ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА НЕОБРАБОТЕН ТУТУН

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | |
| **ЕМБГ** | |
| **Адреса на живеење** | |
| **Општина** | |
| **Контакт телефон** | |
| **Меил адреса** | |

**Документи кои подносителот треба да ги приложи кон барањето:**

*(Кандидатите со соодветно образование ја доставуваат документацијата под реден број 1 и 4, а кандидатите со несоодветно образование под реден број 2 и 4 или под 3 и 4, да се заокружи доставеното)*

1. а) Заверена копија од уверение/диплома за завршено високо или вишо образование или
   б) сведителство/диплома за завршено средно образование;

2. а) Договори за производство и откуп на тутун или
   б) Потврда од претпријатието со кое кандидатот склучувал договори за производство и откуп на туту;

3. а) Потврда од претпријатието за работно искуствово областа на технологијата за производство и обработка на тутун и/или
   б) М1/М2 Образец со податоци за работен стаж;

4. Потврда за завршена обука за вршење на процена на тутун

Датум: ______________________

Потпис на кандидатот: ______________________

**ПРИЛОГ 2**

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

## ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА НЕОБРАБОТЕН ТУТУН

Име и презиме ------------------------------------------------------------

Единствен матичен број ----------------------------------------------------

го положи испитот за процена на необработен тутун

Бр. -----------------

Датум ---------------

М.П.

МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**ПРИЛОГ 3**

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОПАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА
ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН

Испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун се состои од (теоретски и практичен дел).

1 . Теоретски дел

Со теоретскиот дел од испитот се врши проверка на кандидатите од познавањето на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи и Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на необработениот тутун во лист.

Тестот содржи шест прашања со понудени 3 одговори, од кои еден одговор е точен и истиот треба да се заокружи.

Прашањата се групирани во три дела и тоа:

I дел – прашања кои се однесуваат на Законот за тутун, производи од тутун и сродни ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19);
II дел – прашања од мерилата за квалитативна и квантитативна процена на необработениот тутун во лист;
III дел – прашања кои се однесуваат на надворешните показатели на квалитетот на тутунот.

Точните одговори на прашањата од I и III дел се бодуваат со 8 бодови, а прашањата од II дел се бодуваат со 12 бодови.

Максималниот број за освоени бодови од теоретскиот дел на испитот изнесува 60 бодови.

2. Практичен дел

Со практичниот дел од испитот се врши директна проверка на кандидатите од познавањето на тутунската суровина за квалитативно и квантитативно органолептичко проценување при откупот на необработениот тутун во лист согласно мерилата.

Прашањата од практичниот дел на испитот се бодуваат со максимум 40 бода.

Кандидатот се смета дека го положил испитот доколку има добиено минимум 65 бодови од двата дела на испитот, од кои минимум 25 бодови од практичниот дел.

Литература за полагање на испитот:

1. Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи ("Службен весник на РСМ" бр.98/19)

Поглавја-делови за учење:
- I. Општи одредби
- II. Производство на тутун
- III. Договор за производство и откуп на тутун
- IV. Регистар на откупувачи, откуп и обработка на тутун

- V. Промет на необработен и обработен тутун
-VI. Начин на спроведување на испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун

2. Правилник за мерила и методи за квалитативна и квантитативна процена на тутунот

3. Боцески Д. 2003. ПОЗНАВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ТУТУНСКАТА СУРОВИНА (It Дополнето издание), Институт за тутун Прилеп.

Поглавја-делови за учење:
- Поделба на тутунската суровина
- Стокови и типови тутун во Р Македонка
- Карактеристики на тутунската суровина
- Примарна-привремена манипулација
  - Мувли во тутунот

4. Узуноски У. 1985. ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН, Скопје.

Поглавја-делови за учење:

- Сушење на тутунот
- Методи на сушење на тутунот

5. Корубин-Алексоска А. 2004. Сорти на тутун од институтот за тутун- Прилеп, Институт за тутун Прилеп,

Поглавја-делови за учење:

-Типови и сорти; прилеп, јака, џебел, отља, вирџинија и берлеј.

6. Карајанков С., Арсов З. Кабранова Р. 2007. Производство на тутун- Практикум, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје

Поглавја-делови за учење

- Повреди на тутунскиот лист.

7. Мицковски Ј. 2004. Тутунот во Република Македонија - Прилеп

Поглавја-делови за учење:

- Болести, штетници и плевели на тутунот
- Болести на тутунот
- Штетници на тутунот

8. Смоквоски Т . Стојкоски С. 2004. Практикум по технологија на тутунот-ЈНУ - Институт за тутун-Прилеп

Поглавја-делови за учење:

- Основни признаци за органолептичка проценка на квалитетот на суровиот тутун во лист.